| 776 | 01-3-2 | Трошоци на Комисијата за комплексна геолошка карта на Југославија | 124.000,00 | 124.000,00 | 124.000,00 |
| 777 | 01-3-2 | Набавка на опрема | 100.000,00 | - | - |
| 778 | 01-3-2 | Трошоци за составување на биланс на минералните суровини и на подземните води на СФРЈ и изработка на анализа за суровинската база на СФРЈ | 1,000.000,00 | 700.000,00 | 670.000,00 |
| 779 | 01-3-2 | Надомест за одвоен живот од семејството | 215.000,00 | 215.000,00 | 215.000,00 |
| 780 | 01-3-2 | Средства за работи на координирање на билатералната соработка во областа на геолошките истражувања на нашата земја со земјите членки | 400.000,00 | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 781 | 01-3-2 | Водење и одржување на Фондот на стручната документација за резултатите од геолошките истражувања | 60.000,00 | 60.000,00 | 60.000,00 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 21,396.000,00 | 21,698.715,00 | 21,583.862,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 34 (позиции 772 до 781) | 21,396.000,00 | 21,698.715,00 | 21,583.862,00 |
| | | РАЗДЕЛ 35. АРХИВ НА ЈУГОСЛАВИЈА | | | |
| | | **Основна намена 01 - Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 782 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 28,514.000,00 | 34,117.178,00 | 34,084.605,50 |
| 783 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 5,131.000,00 | 5,336.999,85 | 5,216.064,85 |
| 784 | 01-3-2 | Надомест за одвоен живот од семејството | 60.000,00 | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 785 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време | 950.000,00 | - | - |
| 786 | 01-3-2 | Трошоци за репрезентација | 60.000,00 | 45.000,00 | 36.035,50 |
| 787 | 01-3-2 | Трошоци за заштита на архивската граѓа во случај на војна | 788.000,00 | 788.000,00 | 412.430,50 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 788 | 01-3-2 | Членарина за меѓународниот фонд за развој на архивот | 70.000,00 | 114.000,15 | 114.000,15 |
| 789 | 01-3-2 | Трошоци за одржување на зградата и инвентарот | 250.000,00 | 300.000,00 | 258.379,50 |
| 790 | 01-3-2 | Патни трошоци во странство | 348.000,00 | 348.000,00 | 225.484,50 |
| 791 | 01-3-2 | Трошоци за изработка на проекти | 800.000,00 | 300.000,00 | - |
| 792 | 01-3-2 | Трошоци за издавачка дејност | 1,350.000,00 | 1,800.000,00 | 1,701.666,00 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 38,321.000,00 | 43,209.178,00 | 42,108.666,50 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 35 (позиции 782 до 792) | 38,321.000,00 | 43,209.178,00 | 42,108.666,50 |
| | | РАЗДЕЛ 36. СЕРВИС ЗА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ | | | |
| | | **Основна намена 01 – Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 793 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 159,717.000,00 | 189,690.032,00 | 189,690.032,00 |
| 794 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 8,400.000,00 | 8,725.000,00 | 8,722.424,00 |
| 795 | 01-3-2 | Трошоци за одржување на објектите и опремата | 105,251.000,00 | 139,834.230,00 | 118,494.743,00 |
| 796 | 01-3-2 | Трошоци за одржување и унапредување на ловно-шумското стопанство „Јелен" Белград | 29,700.000,00 | 36,040.000,00 | 36,040.000,00 |
| 797 | 01-3-2 | Трошоци за одржување и унапредување на ловно-шумското стопанство „Копривница" - Бугојно | 4,000.000,00 | 4,000.000,00 | 4,000.000,00 |
| 798 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време, ноќна работа и надомест за надворешни соработници | 9,000.000,00 | 29,306.770,00 | 29,306.770,00 |
| 799 | 01-3-3 | Работи во врска со народната одбрана | 678.000,00 | 678.000,00 | 369.949,50 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 316,746.000,00 | 408,274.032,00 | 386,623.918,50 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 36 (позиции 793 до 799) | 316,746.000,00 | 408,274.032,00 | 386,623.918,50 |
| | | РАЗДЕЛ 37. СЕРВИС ЗА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНИ РАБОТИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ | | | |
| | | **Основна намена 01 – Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 800 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 43,901.000,00 | 55,208.676,00 | 55,208.676,00 |
| 801 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 7,185.000,00 | 7,185.000,00 | 7,135.000,00 |
| 802 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време и ноќна работа | 4,000.000,00 | 4,000.000,00 | 3,800.000,00 |
| 803 | 01-3-2 | Надомест за надворешни соработници | 100.000,00 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 804 | 01-3-2 | Набавка на опрема | 4,700.000,00 | 4,700.000,00 | 4,550.000,00 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 59,886.000,00 | 71,193.676,00 | 70,793.676,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 37 (позиции 800 до 804) | 59,886.000,00 | 71,193.676,00 | 70,793.676,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **РАЗДЕЛ 38. СЕРВИС ЗА БИРОТЕХНИЧКИ РАБОТИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ** | | | |
| | | **Основна намена 01 – Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 805 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 73,534.000,00 | 108,132.251,00 | 108,132.251,00 |
| 806 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 13,345.000,00 | 19,845.000,00 | 19,845.000,00 |
| 807 | 01-3-2 | Трошоци за франкирање на поштата | 4,000.000,00 | 4,000.000,00 | 4,000.000,00 |
| 808 | 01-3-2 | Резервни делови за печатарски машини и репродукционен материјал | 7,381.000,00 | 11,381.000,00 | 11,381.000,00 |
| 809 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време и ноќна работа | 5,682.000,00 | 370.000,00 | 370.000,00 |
| 810 | 01-3-2 | Надомест за надворешни соработници | 112.000,00 | 424.000,00 | 424.000,00 |
| 811 | 01-3-2 | Набавка на опрема | 23,344.000,00 | 24,344.000,00 | 24,344.000,00 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 127,398.000,00 | 168,496.251,00 | 168,496.251,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 38 (позиции 805 до 811) | 127,398.000,00 | 168,496.251,00 | 168,496.251,00 |
| | | **РАЗДЕЛ 39. УПРАВА НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ** | | | |
| | | **Основна намена 01 – Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 812 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 190,300.000,00 | 225,247.026,00 | 225,247.026,00 |
| 813 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 8,000.000,00 | 7,500.000,00 | 7,177.386,60 |
| 814 | 01-3-2 | Режиски трошоци во врска со одржување на зградите и опремата | 184,703.000,00 | 181,653.000,00 | 181,471.204,75 |
| 815 | 01-3-2 | Набавка на опрема и реконструкции | 95,000.000,00 | 57,000.000,00 | 56,993.311,95 |
| 816 | 01-3-2 | Осигурување на зградите и опремата | 7,000.000,00 | 8,300.000,00 | 8,037.757,00 |
| 817 | 01-3-2 | Телефонски трошоци на заедничките центри | 5,000.000,00 | 10,000.000,00 | 1,533.808,50 |
| 818 | 01-3-2 | Надомести за работа подолга од полното работно време и ноќна работа | 3,988.000,00 | 3,988.000,00 | 3,987.080,00 |
| 819 | 01-3-2 | Работна облека, обувки и ХТЗ опрема | 4,000.000,00 | 4,000.000,00 | 3,881.249,10 |
| 820 | 01-3-2 | Придонес за користење на градско земјиште | 12,000.000,00 | 11,000.000,00 | 9,893.502,20 |
| 821 | 01-3-2 | Транспортни услуги | 6,760.000,00 | 1,060.000,00 | 916.505,75 |
| 822 | 01-3-2 | Трошоци за воспоставување на специјална телефонска врска | 7,000.000,00 | 7,000.000,00 | 4,879.953,95 |
| 823 | 01-03-2 | Средства за работа на стручна комисија | 100.000,00 | 100.000,00 | - |
| 824 | 01-3-3 | Работи во врска со народната одбрана | 562.000,00 | 112.000,00 | 51.085,50 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 524,413.000,00 | 516,960.026,00 | 504,069.871,30 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 39 (позиции 812 до 824) | 524,413.000,00 | 516,960.026,00 | 504,069.871,30 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **РАЗДЕЛ 40. АВТО СЕРВИС НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ** | | | |
| | | **Основна намена 01 – Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 825 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 81,359.000,00 | 96,777.601,00 | 96,777.601,00 |
| 826 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 2,314.000,00 | 1,814.000,00 | 1,814.000,00 |
| 827 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време | 9,012.000,00 | 9,012.000,00 | 7,720.270,00 |
| 828 | 01-3-2 | Набавка на резервни делови и трошоци за други намени | 46,799.000,00 | 46,799.000,00 | 46,799.000,00 |
| 829 | 01-3-2 | Набавка на опрема и патнички возила | 6,780.000,00 | 6,780.000,00 | 6,780.000,00 |
| 830 | 01-3-2 | Набавка на алати и уреди | 565.000,00 | 65.000,00 | 65.000,00 |
| 831 | 01-3-3 | Набавка на транспортни средства за потребите на народната одбрана | 15,765.000,00 | 13,765.000,00 | 13,765.000,00 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 162,594.000,00 | 175,012,601,00 | 173,720.871,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 40 (позиции 825 до 831) | 162,594.000,00 | 175,012.601,00 | 173,720.871,00 |
| | | **РАЗДЕЛ 41. СЛУЖБА ЗА РАБОТИ НА ПРЕВЕДУВАЊЕ** | | | |
| | | **Основна намена 01 – Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 832 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 77,409.000,00 | 92,734.080,00 | 92,734.080,00 |
| 833 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 4,732.000,00 | 6,732.000,00 | 6,732.000,00 |
| 834 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време и за ноќна работа | 3,100.000,00 | 3,100.000,00 | 3,100.000,00 |
| 835 | 01-3-2 | Надомест за надворешни соработници | 2,350.000,00 | 2,350.000,00 | 2,350.000,00 |
| 836 | 01-3-2 | Надомест за одвоен живот од семејството | 1,300.000,00 | 1,300.000,00 | 1,300.000,00 |
| 837 | 01-3-2 | Патни трошоци во странство | 631.000,00 | 31.000,00 | 31.000,00 |
| 838 | 01-3-2 | Стручно усовршување, специјализација на преведувачите за странски јазици | 700.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 839 | 01-3-2 | Набавка и дополнение на опремата | 3,200.000,00 | 2,530.000,00 | 1,650.000,00 |
| 840 | 01-3-2 | Средства за устројување на банката на термини | 550.000,00 | 550.000,00 | 550.000,00 |
| 841 | 01-3-3 | Работи во врска со народната одбрана | 80.000,00 | – | – |
| | | Вкупно основна намена 01. | 94,052.000,00 | 109,377.080,00 | 108,497.080,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 41 (позиции 832 до 841) | 94,052.000,00 | 109,377.080,00 | 108,497.080,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | РАЗДЕЛ 42. УПРАВА НА ОСТРОВИТЕ БРИОНИ | | | |
| | | **Основна намена 01– Средства за работа на органите на управата** | | | |
| 842 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 56,904.000,00 | 62,863.695,00 | 62,863.695,00 |
| 843 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 31,245.000,00 | 31,245.000,00 | 31,245.000,00 |
| 844 | 01-3-2 | Надомест за личните доходи на сезонските работници и на надворешните соработници | 13,000.000,00 | 13,000.000,00 | 13,000.000,00 |
| 845 | 01-3-2 | Надомест за ненормирано работно време | 1,516.000,00 | 1,516.000,00 | 1,516.000,00 |
| 846 | 01-3-2 | Трошоци за одржување на објектите и опремата | 30,140.000,00 | 30,140.000,00 | 30,140.000,00 |
| 847 | 01-3-2 | Набавка на опрема и инвентар | 2,900.000,00 | 2,900.000,00 | 2,900.000,00 |
| | | Вкупно основна намена 01. | 135,705.000,00 | 141,664.695,00 | 141,664.695,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 42 (позиции 842 до 847) | 135,705.000,00 | 141,664.695,00 | 141,664.695,00 |
| | | РАЗДЕЛ 43. ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ | | | |
| | | **Основна намена 06 – Други општи општествени потреби** | | | |
| | | Општествено-политички организации | | | |
| | | **Дотација на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија** | | | |
| 848 | 06-2 | Меѓународна дејност | 9,011.000,00 | 9,011.000,00 | 9,011.000,00 |
| 849 | 06-2 | Работи во врска со народната одбрана | 1,745.000,00 | 1,745.000,00 | 1,745.000,00 |
| 850 | 06-2 | Финансирање на програмата за научна документација од меѓународното работничко движење | 4,955.000,00 | 4,955.000,00 | 4,955.000,00 |
| 851 | 06-2 | Весник „Комунист" | 72,082.000,00 | 36,500.000,00 | 36,500.000,00 |
| 852 | 06-2 | Билтен „Југословенски политички месечник" | 3,491.000,00 | 3,491.000,00 | 3,491.000,00 |
| 853 | 06-2 | Програма за финансирање на издавачките дејности за странство | 9,682.000,00 | 9,682.000,00 | 9,682.000,00 |
| 854 | 06-2 | Финансирање на работата на Политичката школа „Јосип Броз Тито" во Кумровец | 19,142.000,00 | 19,142.000,00 | 19,142.000,00 |
| 855 | 06-2 | Издавање на собрани дела на Јосип Броз Тито | 10,136.000,00 | 3,500.000,00 | 3,500.000,00 |
| | | **Дотација на Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија** | | | |
| 856 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузната конференција | 105,125.000,00 | 131,500.000,00 | 131,500.000,00 |
| 857 | 06-2 | Дотација на весникот „Борба" | 120,498.000,00 | 120,498.000,00 | 120,498.000,00 |
| 858 | 06-2 | За списанието „Југословенски преглед" – српскохрватско издание | 4,503.000,00 | 5,503.000,00 | 5,503.000,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 859 | 06-2 | За списанието „Меѓународна политика", - српскохрватско издание | 3,602.000,00 | 4,402.000,00 | 4,402.000,00 |
| 860 | 06-2 | За списанието „Жената денес" | 1,689.000,00 | 1,689.000,00 | 1,689.000,00 |
| 861 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Југословенскиот сојуз за заштита на човековата средина | 5,294.000,00 | 5,294.000,00 | 5,294.000,00 |
| 862 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузната конференција „Месна заедница и семејството" | 2,027.000,00 | 2,027.000,00 | 2,027.000,00 |
| 863 | 06-2 | Меѓународен семинар за мултиактивноста на селските жени во Југославија | 501,270,00 | 501.270,00 | 501,270,00 |
| | | **Дотација на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на Социјалистичката младина на Југославија** | | | |
| 864 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Конференцијата | 44,852.000,00 | 62,470.800,00 | 62,470.800,00 |
| 865 | 06-2 | Прослава на Денот на младоста | 24,785.000,00 | 24,785.000,00 | 24,785.000,00 |
| 866 | 06-2 | Финансирање на меѓународните активности на колективните членови на ССОЈ | 2,253.000,00 | 2,253.000,00 | 2,253.000,00 |
| 867 | 06-2 | За весникот „Младост" | 15,769.000,00 | 15,769.000,00 | 15,769.000,00 |
| 868 | 06-2 | За списанието „Идеи" | 3,829.000,00 | 3,829.000,00 | 3,829.000,00 |
| 869 | 06-2 | За младинскиот фестивал на трудот | 1,351.000,00 | 1,351.000,00 | 1,351.000,00 |
| 870 | 06-2 | Меѓународен семинар на младината и студентите „Кумровец 83" | 1,000.000,00 | 1,000.000,00 | 1,000.000,00 |
| 871 | 06-2 | XI конгрес на ССОЈ | 4,500.000,00 | 4,500.000,00 | 4,500.000,00 |
| | | **Дотација на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Југославија** | | | |
| 872 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 30,798.000,00 | 31,498.000,00 | 31,498.000,00 |
| 873 | 06-2 | За весникот „4 Јул" | 9,348.000,00 | 9,348.000,00 | 9,348.000,00 |
| | | **Дотација на Црвениот крст на Југославија** | | | |
| 874 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Претседателството | 18,018.000,00 | 18,018.000,00 | 18,018.000,00 |
| 875 | 06-2 | Служба за барање | 1,689.000,00 | 1,689.000,00 | 1,689.000,00 |
| 876 | 06-2 | Членарина на лигата и МКЦК | 2,782.730,00 | 2,782.730,00 | 2,782.730,00 |
| 877 | 06-2 | Работи во врска со народната одбрана | 1,352.000,00 | 1,352.000,00 | 1,352.000,00 |
| 878 | 06-2 | Средба на младината на Црвениот крст | 1,000.000,00 | 1,000.000,00 | 1,000.000,00 |
| 879 | 06-2 | Центар за обука на кадри на Црвениот крст и Црвениот полумесец од земјите во развој и неврзаните земји, како и во тие земји | 3,153.000,00 | 3,153.000,00 | 3,153.000,00 |
| 880 | 06-2 | Меѓународна хуманитарна помош во случај на елементарни и други масовни несреќи | 1,013.000,00 | 1,013.000,00 | 1,013.000,00 |
| | | **Дотација на Југословенската лига за мир, независност и рамноправност на народите** | | | |
| 881 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Лигата | 2,928.000,00 | 2,928.000,00 | 2,928.000,00 |
| | | **Дотација на Сојузот на здруженијата за Обединетите нации на Југославија** | | | |
| 882 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 844.000,00 | 844.000,00 | 844.000,00 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Дотација на Сојузот на резервните воени старешини на Југославија** | | | |
| 883 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 10,812.000,00 | 10,812.000,00 | 10,812.000,00 |
| | | **Сојузот за физичка култура на Југославија** | | | |
| 884 | 06-2 | Трошоци за меѓународни активности на подрачјето на физичката култура на Југославија | 134,831.000,00 | 134,831.000,00 | 134,831.000,00 |
| 885 | 06-2 | Вонредни програми на спортските манифестации што се извршуваат само во 1983 година | 32,666.000,00 | 40,666.000,00 | 40,666.000,00 |
| 885А | 06-2 | Средства за зимски олимписки игри | - | 160,000.000,00 | 160,000.000,00 |
| | | **Народна техника - Сојуз на организациите за техничка култура на Југославија** | | | |
| 886 | 06-2 | За меѓународни активности во областа на техничката култура на Југославија | 10,773.000,00 | 10,773.000,00 | 10,773.000,00 |
| | | **Противпожарен сојуз на Југославија** | | | |
| 887 | 06-2 | За противпожарна заштита | 1,143.000,00 | 1,143.000,00 | 1,143.000,00 |
| | | Вкупно основна намена 06-2 | 734,973.000,00 | 907,248.800,00 | 907,248.800,00 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 43 (позиции 848 до 887) | 734,973.000,00 | 907,248.800,00 | 907,248.800,00 |

Член 6

Завршната сметка на Буџетот на федерацијата за 1983 година, се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

## 376.

**Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава**

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за судовите на здружениот труд, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 11 јули 1984 година.

П бр. 371
11 јули 1984 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Веселин Ѓурановиќ**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

### I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Судовите на здружениот труд, како самоуправни судови во единствениот систем на власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, ја вршат судската функција во границите на својата надлежност утврдена со уставот и законот, односно со самоуправниот општ акт во согласност со законот.

Член 2

Судовите на здружениот труд во вршењето на судската функција се независни и судат врз основа на уставот, законот и на самоуправните општи акти.

Член 3

Во судовите на здружениот труд судската функција ја вршат работниците, другите работни луѓе и граѓаните како судии и судиите.

Член 4

Судијата на судот на здружениот труд не може да биде повикан на одговорност за мислење дадено при донесувањето на судската одлука, ниту поради тоа може да биде ставен во понеповолна положба, а во постапката поведена поради кривично дело сторено во вршењето на судската функција не може да биде притворен без одобрение од надлежното собрание на општествено-политичката заедница.

Член 5

Работата на судот на здружениот труд е јавна.

Јавноста на работата се остварува особено со јавност на расправите, со давање известувања за текот на судската постапка под условите предвидени со закон, со објавување на судските одлуки и со овозможување работниците, другите работни луѓе и граѓаните да се запознаат со работата на судот.

Судовите на здружениот труд извештај за својата работа им поднесуваат на соодветното собрание на општествено-политичката заедница како и на самоуправните организации и заедници што го формирале судот за решавањето на определени видови спорови.

Член 6

Одлуките на судовите на здружениот труд важат и се извршливи на целата територија на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Учесникот во самоуправниот однос кому со одлука на судот на здружениот труд му е наложено извршување на определена обврска, должен е да ја изврши во рокот што е определен во одлуката.

Ако учесникот од став 2 на овој член не ја изврши одлуката, ја извршува редовниот суд според правилата на извршната постапка, ако одлуката може да се изврши според тие правила.

Извршувањето на одлуките на судовите на здружениот труд што не можат да се извршат според правилата на извршната постапка го обезбедува собранието на општествено-политичката заедница.

Судовите на здружениот труд го следат извршувањето на своите одлуки и соработуваат со органите надлежни за нивно извршување.

Член 7

Организациите на здружен труд, другите самоуправни организации и заедници и другите учесници во постапката пред судот на здружениот труд се должни да му ги доставaт на тој суд самоуправните општи акти, списите, податоците и известувањата што се потребни за одлучување во постапката.

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници што не се учесници во постапката се должни на судот на здружениот труд, по негово барање, да му ги доставaт самоуправните општи акти, списите, податоците и известувањата што се потребни за одлучување во постапката.

Член 8

Редовните судови и другите државни органи, како и самоуправните судови се должни да му дадат правна помош на судот на здружениот труд.

Судовите на здружениот труд се должни на друг суд на здружениот труд, на друг самоуправен суд, редовен суд или на друг државен и општествен орган да му дадат правна помош со доставување на известувања, како и на списи или одделни исправи што се наоѓаат кај нив.

Член 9

Судовите на здружениот труд во вршењето на својата функција ги следат појавите од интерес за заштитата на самоуправните права и на општествената сопственост и на организациите на здружен труд, на другите самоуправни организации и заедници, на собранијата на соодветните општествено-политички заедници, на организацијата на синдикатот и на општествениот правобранител на самоуправувањето им даваат предлози за спречување на општествено штетните појави и за зацврстување на законитоста, општествената одговорност и на моралот на социјалистичкото самоуправно општество.

Член 10

Во судот на здружениот труд формиран за територијата на републиката, односно за територијата на автономната покраина, се формира општа седница во состав определен со законот, која ги разгледува прашањата од интерес за единствената примена на правните правила што ги применуваат судовите на здружениот труд.

На општата седница може да се донесе правно сфаќање што е задолжително за советите на судот од став 1 на овој член.

Судот од став 1 на овој член има право и должност собранието на републиката, односно собранието на автономната покраина да го известува за појавите и проблемите во применувањето на законите и самоуправните општи акти, за потребата од менување или дополнување на законите или од донесување нови закони, како и за другите прашања што се однесуваат на применувањето на законите и самоуправните општи акти и на работата на судовите на здружениот труд на територијата на републиката, односно на територијата на автономната покраина.

Член 11

Судовите на здружениот труд формирани за териториите на републиките и за териториите на автономните покраини формираат заедничка седница на која, преку свои делегати, на начин утврден со меѓусебен договор, ги разгледуваат прашањата на единствената примена на сојузните закони, другите прописи и општите акти од интерес за работата на судовите на здружениот труд, како и другите прашања значајни за заштитата на самоуправувањето и на општествената сопственост.

Судовите на здружениот труд формирани за териториите на републиките и за териториите на автономните покраини, врховните судови на републиките и на автономните покраини, Сојузниот суд и Врховниот воен суд можат, според меѓусебен договор, да одржуваат заедничка седница на која, преку свои делегати, ги разгледуваат прашањата на единствената примена на сојузните закони, другите прописи и општите акти, како и други прашања од заеднички интерес за работата на судовите на здружениот труд и на редовните судови.

Предлог за одржување на заедничката седница од став 2 на овој член и за разгледување на одделни прашања на таа седница поднесуваат заедничката седница на судовите од став 1 на овој член, како и заедничката седница на Сојузниот суд, на врховните судови на републиките и на автономните покраини и на Врховниот воен суд.

На заедничката седница од ст. 1 и 2 на овој член може да се донесе начелно мислење за прашањето што е разгледувано на седницата.

Заедничката седница на судовите од став 1 на овој член, како и заедничката седница на судовите од став 2 на овој член има право и должност да го известува Собранието на СФРЈ за појавите и проблемите во врска со применувањето на сојузните закони, другите прописи и општите акти, што судовите ги забележале во својата работа.

## II. НАЧЕЛА ЗА ФОРМИРАЊЕТО, СОСТАВОТ И НАДЛЕЖНОСТА НА СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

**1. Формирање на судовите**

Член 12

Судот на здружениот труд од прв степен се формира со закон, за територијата на една или повеќе општини.

За решавање на определени видови спорови од општественоекономските и другите самоуправни односи може со закон, односно со самоуправен акт во согласност со законот, да се формира суд на здружениот труд од прв степен.

Член 13

За територијата на републиката и за територијата на автономната покраина се формира со закон суд на здружениот труд од втор степен.

**2. Состав на судовите**

Член 14

Во судот на здружениот труд формиран за територијата на една или повеќе општини, како и во судот формиран за територијата на републиката, односно за територијата на автономната покраина, во судењето учествуваат, под условите утврдени со закон, работниците, другите работни луѓе и граѓаните како судии и определен број судии.

Во судовите на здружениот труд формирани за решавање на определени видови спорови од општествено-економските и другите самоуправни односи како судии во судењето учествуваат работниците, другите работни луѓе и граѓаните, како и определен број судии, под условите утврдени со законот.

Работниците, другите работни луѓе и граѓаните како судии и судиите се рамноправни во судењето.

Член 15

Изборот на работниците, другите работни луѓе и граѓаните како судии и на судиите во судот на здружениот труд се врши на начин утврден со законот, односно со самоуправниот акт во согласност со законот.

**3. Надлежност на судовите**

Член 16

Судовите на здружениот труд одлучуваат за постоењето услови за организирање на основни организации на здружен труд и работни заедници и за барањата за заштита на правото на работа со општествени средства и на другите самоуправни права и на општествената сопственост и ги решаваат споровите за организирање и издвојување на основните организации на здружен труд, за соединување, присоединување и поделба на организациите на здружен труд, за склучување и спроведување на самоуправните спогодби за здружувањето и меѓусебните односи во здружениот труд.

Судовите на здружениот труд одлучуваат и за други спорови од општествено-економските и другите самоуправни односи, ако со законот односно со самоуправниот акт во согласност со законот не е предвидено дека за нив одлучува друг самоуправен суд.

Член 17

Судот на здружениот труд формиран за територијата на една или повеќе општини е надлежен за решавање на споровите што им се ставени во надлежност на судовите на здружениот труд, освен споровите што со законот или со самоуправен акт во согласност со законот се ставени во надлежност на друг суд на здружениот труд или на друг самоуправен суд.

Судот на здружениот труд формиран за територијата на една или повеќе општини исклучително е надлежен за решавање на споровите за законитоста на одлуките на арбитражите, односно на избраните судови, донесени во споровите од општествено-економските и другите самоуправни односи, како и за решавање на други спорови од општествено-економските и другите самоуправни односи определени со закон.

Судот на здружениот труд од став 1 на овој член врши и други работи определени со законот.

Член 18

Судот на здружениот труд формиран за решавање на определени видови спорови од општествено-економските и другите самоуправни односи, ги решава споровите што се ставени во негова надлежност со законот, односно со самоуправниот акт за формирање на судот во согласност со законот.

Член 19

Судот на здружениот труд формиран за територијата на републиката, односно за територијата на автономната покраина, одлучува за:

1) жалбите против одлуките и решенијата на судовите на здружениот труд донесени во прв степен,

2) вонредните правни лекови во случаите определени со овој закон.

Судот од став 1 на овој член одлучува во прв и во последен степен во споровите за законитоста на актите на собранијата на општествено-политичките заедници со кои се определуваат привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права и на општествената сопственост.

Судот од став 1 на овој член врши и други работи определени со законот.

Член 20

За постапката во спор помеѓу учесници што имаат седиште односно живеалиште на територијата на иста општина, месно е надлежен судот на здружениот труд формиран за таа општина.

За постапката во спор помеѓу учесници што немаат седиште односно живеалиште на територијата на иста општина, месно е надлежен судот на здружениот труд формиран за општината на чие подрачје се наоѓа седиштето односно живеалиштето на учесникот спрема кој е поведена постапката, ако во писмената спогодба на учесниците не е поинаку определено.

Кога има повеќе учесници спрема кои се поведува постапка, а кои немаат седиште односно живеалиште на територијата на иста општина, месно е надлежен судот на здружениот труд од став 2 на овој член до кој е прво поднесен предлогот со кој се поведува постапката.

Член 21

За постапката во спор за постоењето услови за организирање основна организација на здружен труд, месно е надлежен судот на здружениот труд формиран за општината на чија територија се наоѓа делот од организацијата на здружен труд што ја донел одлуката за организирање на основната организација на здружен труд.

За постапката во спор по повод издвојување на основна организација на здружен труд од составот на работна организација, месно е надлежен судот на здружениот труд формиран за општината на чија територија е седиштето на работната организација.

Член 22

За споровите од работниот однос месно е надлежен судот на здружениот труд формиран за општината на чија територија се наоѓа седиштето на организацијата на здружен труд, односно на работната заедница во која работникот е во работен однос.

Ако работникот постојано работи надвор од подрачјето на судот од став 1 на овој член, за став од работниот однос надлежен е, покрај судот од став 1 на овој член, и судот на здружениот труд судот формиран за територијата на општината на чие подрачје работникот работи.

За постапката што организацијата на здружен труд, односно работната заедница ја поведува спрема работник кој постојано работи надвор од седиштето на судот од став 1 на овој член, надлежен е судот на здружениот труд формиран за територијата на општината каде што работникот постојано работи.

Член 23

За спор за законитоста на одлука на собранието на општествено-политичката заедница со која се преземени привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права и на општествената сопственост, месно е надлежен судот на здружениот труд формиран за територијата на републиката односно за територијата на автономната покраина на чие подрачје е собранието што ја донело одлуката за преземање на тие мерки.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите на Законот за судовите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/74), освен одредбите на чл. 6,8 и 12 и чл. 23 до 52 и одредбите на член 16 став 2, која престанува да важи со денот определен со републичкиот односно со покраинскиот закон, а најдоцна две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во прашањата на постапката што не се уредени согласно со одредбата на став 1 од овој член и со другите одредби на овој закон, сходно ќе се применуваат одредбите на глава прва до дваесет и петта од Законот за процесната постапка, доколку одговараат на природата на споровите од самоуправните односи.

Член 25

Постапката поведена пред влегувањето во сила на овој закон ќе ја доврши судот на здружениот труд пред кој е поведена постапката.

Член 26

Овој закон влегува во сила шеесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**378.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 9 ст. 1 и 2 од Законот за Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" и точ. 1 и 1а од Одлуката за бројот и составот на членовите на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито", Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 11 јули 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ ЦЕНТАР „ЈОСИП БРОЗ ТИТО"

I

Фрањо Херлевиќ и Фадиљ Хоџа се разрешуваат од должноста членови на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито".

II

За членови на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" се именуваат:

- д-р Штефица Бахтијаревиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ;
- Славко Параќ, член на Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија;
- д-р Миљан Радовиќ, член на Претседателството на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија; и
- Јосип Врховец, член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

**Собрание на СФРЈ,**

АС бр. 419
11 јули 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стојан Бјелајац,** с. р.

---

**377.**

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/75 и 40/81), Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 11 јули 1984 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1983 ГОДИНА

Се одобрува Завршната сметка на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи за 1983 година, што ја донесе Сојузниот извршен совет, ЕП 271/84 од 15 јуни 1984 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 409
11 јули 1984 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Душан Алимпиќ,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стојан Бјелајац,** с. р.

---

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 375. | Завршна сметка на Буџетот на федерацијата за 1983 година | 935 |
| 376. | Закон за судовите на здружениот труд | 983 |
| 377. | Одлука за одобрување на Завршната сметка на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи за 1983 година | 986 |
| 378. | Одлука за разрешување и именување на одделни членови на Советот на Меморијалниот центар „Јосип Броз Тито" | 986 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. – Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.**